**Република Северна Македонија**

**Државен инспекторат за животна средина**

*ИП1 бр.09-29 на ден 02.05.2023 година*

Државниот инспекторат за животна средина, преку Тони Димески, државен водостопански инспектор, со службена легитимација број 06-0015, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, правно лице Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост Скопје, со деловно седиште на ул.“11-ти Октомври“ бр.9,1000 застапувано од Васко Стефанов - Генерален директор, Претседател на управен одбор, во Подружница РЕК Битола - Новаци (на локација на брана Суводол) и со записник ИП1 бр.09-29 од 25.04.2023 год. ја утврди фактичката состојба, а врз основа на член 230 став (2) и член 234 став (2) од Законот за водите (“Службен весник на Р.Македонија“ бр. 87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016 и 151/2021 ) и член 83 став (2) од Закон за инспекциски надзор (Службен весник бр.102/2019), го донесе следното :

**РЕШЕНИЕ**

1) Правното лице Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост Скопје, со деловно седиште на ул.“11-ти Октомври“ бр.9 Скопје, во Подружницата РЕК Битола – Новаци, на локација брана Суводол, **СЕ ЗАДОЛЖУВА** :

**-** да го обнови барањето и да ја продолжи постапката во Министерството за животна средина и просторно планирање – сектор води, за добивање дозвола за користење на вода и дозвола за испуштање во вода, за Брана со акумулација “Суводол“ и зафат на Црна река за снабдување на РЕК Битола со сирова вода, за технички потреби.
- да ги спроведе препораките и мерките за работа дадени во Елаборатот за стабилност и функционалност на браната “Суводол“ за 2021 год. кои не се извршени во 2022 год. и тоа : да се изврши чистење и отстранување на вегетацијата (грмушки, дрвја, трње и сл.) од низводната косина на браната, како и сечење и отстранување на дрвната маса и другата вегетација од узводната косина на браната, да се обнови реперот број 923 од нивелманската мрежа на браната и да се оспособи и стави во функција постоечкото осветлување по должината на круната на браната.

2)Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува **90 (деведесет) дена**, од приемот на ова решение .

3)Субјектот на инспекциски надзор од точка 1) на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот, дали е извршена инспекциската мерка.

4)Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став (1) точка 35) и 36) став (2), став (3), а во врска со член 28,195,197 и 198 од Законот за водите (Службен весник на РМ бр.87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016 и 151/2021) преку Тони Димески, државен водостопански инспектор, со службена легитимација број 06-0015, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор правното лице Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост Скопје, со деловно седиште на ул."11-ти Октомври" бр.9 Скопје, во Подружница РЕК Битола - Новаци (на локација брана Суводол), а застапувано од присутното лице Драган Видановски, технички директор на рудник Суводол. При вршењето на надзорот е составен Записник ИП1бр.09-29 од 25.04.2023 година. во кој е констатирана следна фактичка состојба:

Правното лице АД Електрани на Северна Македонија – Скопје, согласно член 30 од Закон за водите, за потребите на Подружницата РЕК Битола, каде врши производство на електрична енергија има поднесено Барање за добивање дозвола за користење на вода и дозвола за испуштање во вода, за објект брана со акумулација Суводол и зафат на Црна река за снабдување на РЕК Битола -Новаци со сирова вода за технички потреби, со број УП1-11/5-133/2018 од 02.02.2018 год. до Министерството за животна средина и просторно планирање. Од причина што сеуште не е обезбедена дозвола согласно член 28 од Закон за водите, Правното лице АД Електрани на Северна Македонија – Скопје, да ја продолжи започнатата постапка за добивање дозвола за користење вода од брана со акумулацијата "Суводол" и од Црна река.

Правниот субјект АД ЕСМ Скопје, преку Подружница РЕК Битола-Новаци, рудник Суводол, управува со браната Суводол која е определена како брана од посебно значење. Согласно член 198 од Закон за водите, мониторингот на браната и придружните објекти е вршен со визуелни набљудувања и прегледи на браната со придружните објекти од страна на своите стручни служби, како и спроведувања на повремени контролни визуелни прегледи и технички мерења (оскултација) на браната, од страна на стручна екипа на Службата во ХЕЦ Глобочица - Струга, во соработка со стручната екипа на Службата на РЕК Битола - Рудник Суводол. Врз основа на добиените податоци од техничкото мерење и визуелното набљудување, изработен е Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана "Суводол" со придружните објекти за 2021год.

Заради обезбедување на дополнителен ретензионен простор за прифаќање на евентуално појавени големи поплавни води, поради оштетување на преливниот орган на браната кој не е во функција (бетонскиот отворен преливен канал е прекинат), како резултат на појавено свлечиште, нивото на водата во езерото се одржува на кота од 680 м.н.в. Нивото на вода во акумулацијата Суводол при надзорот е на кота 683,30 мнв.

Во Елаборатот за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана "Суводол" со придружните објекти за 2021год. (Книга 1-ТН Свеска 1/39 за 2021год. од февруар 2022 год.со арх.бр.09-328/1 од 30.03.2022 год.) дадени се препораки и мерки за работа во текот на 2022 год. Дел од препораките и мерките за работа дадени во Елаборатот за стабилност на браната Суводол, кои не се завршени во 2022 год. треба да се реализираат во текот на 2023 год.

При теренскиот увид се констатира дека не е постапено согласно препораките и мерките за работа во 2022 год. дадени во дел 4 од Елаборатот за стабилност и функционалност на браната Суводол за 2021 год.,во точка 4.3; 4.3.1 и 4.3.2, не е извршено чистење на вегетацијата (грмушки, дрвја, трње и сл.) на низводната косина на браната, како и сечење на дрвната маса и другата вегетација на узводната косина на браната. По должината на круната на браната не е во функција и не работи поставеното осветлување. Согласно точка 4.5 треба да се обнови реперот со број  923 од нивелманската мрежа на браната  Суводол.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување, согласно член 240 став (6) од Законот за водите.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение според член 230 од делокруг на водостопански инспектор и постапување според член 234 од Закон за водите, незадоволната странка може да изјави жалба против решението според член 240 од Закон за водите.

Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението, доставена до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, на адреса : Кеј Димитар Влахов бр.4 1000 Скопје.

Според член 37 од Закон за административни такси,тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата на РСМ, за жалба против решение, за тарифен број 2 се уплатува 250 денари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Решено во Државен инспекторат за животна средина, под број ИП1бр.09-29 на ден 02.05.2023 година.

**Тони  Димески**
Водостопански инспектор
Бр.лег. 06-0015

Доставено до :
- Архива
- Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, ул.“ 11-ти Октомври “ бр.9 1000 Скопје